**Zimbra** **lilijana.stojanovska@finance.gov.mk**

# Барања кои се повикуваат на Слободен пристап до информации - Број на одобрени вработувања на наставно-научен кадар

Fri, 03 Jun, 2022 11:59

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| | 03 -06- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 03 | 6626 | 1 | |

**Subject :** Барања кои се повикуваат на Слободен пристап до информации - Број на одобрени вработувања на наставно-научен кадар

**To :** Барања за Слободен пристап до информации од јаве�� карактер за Министерст��о за финансии <lilijana.stojanovska@finance.gov.mk>

Warning: This is the first time you've received an email from this sender.
Warning: Make sure this is someone you trust.

Од (се наведуваат податоци за Барателот)

Застапник/полномошник на барателот на информацијата:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
 број на одобрени вработувања на наставно-научен кадар на државните универзитети (за секој универзитет поединечно) од почетокот на академската година 2019/2020 заклучно до мај 2022.

---------------------------------------------------------------

Оградување: Оваа порака како и секој одговор кој ќе го направите ќе биде објавен на електронскиот портал за Слободен пристап. Нашите политики за приватност и авторски права:
 https://urlsand.esvalabs.com/?u=https%3A%2F%2Fslobodenpristap.mk%2Fhelp%2Fprivacy&e=6f55e4c0&h=2b9df287&f=y&p=n

Во некои случаи објавувањето на барањата и одговорите ќе биде бавно поради големината на фајловите кои ги прикачувате на електронскиот портал за Слободен пристап.

---------------------------------------------------------------

Архивски знак/Shenja arkivore: ____
Рок на чување/Afati i ruajtjes: ____
20__ год./vitit
Потпис/Nënshkrim

– Сектор за правни работи –

Архивски број: 03-6626/3
Датум: 17-06-2022

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации - Министерство за финансии го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за одобрување на барање за пристап до информации од јавен карактер

СЕ ОДОБРУВА барањето број 03-6626/1 од 03.06.2022 година поднесено од страна на барателот [redacted], за пристап до информација од јавен карактер „Број на одобрени вработувања на наставно - научен кадар на државните универзитети (за секој универзитет поединечно) од почетокот на академската година 2019/2020 заклучно до мај 2022".

### Образложение

На ден 03.06.2022 година барателот [redacted] Министерството за финансии поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер, со кое се побара пристап до информацијата „Број на одобрени вработувања на наставно - научен кадар на државните универзитети (за секој универзитет поединечно) од почетокот на академската година 2019/2020 заклучно до мај 2022".

Министерството за финансии како имател на информации го разгледа барањето, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидени во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имено, надлежностите на Министерството за финансии сврзани со вработувањата кај буџетските корисници и единки корисници на Буџетот на Република Северна Македонија се уредени со Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 151/21) и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на РСМ" бр. 287/21).

Во член 51 став 5 од Законот за буџетите и во член 22 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, утврдено е дека Министерството за финансии по барањата доставени од институциите - буџетски корисници и единки корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, издава само известување за обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 - 440
www.finance.gov.mk

Имајќи го во вид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
Горан Јекиќ

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Раководител на одделение
Лилијана Стојановска